

Дијагностицирањето на лимфом е дијагноза на нашиот живот. Тоа не е крај на животот. Само може да биде нов почеток на себе запознавање и остварување на можностите за подобро утре.



Секогаш застанував и ги
мирисав цвеќињата. Сега ги
мирисам двојно повеќе.
Уживам во убавините на
животот и се трудам да дадам
најмногу на сите на кои им е потреб-
на помош.



Ако имав дијагноза на рак
пред 30 години, веројатно немаше да бидам
меѓу вас.
Денес е поинаку, денес ракот
е излечива болест.
Денес имаме докази за успешни приказни и
имаме посилна верба во нашиот живот.



Да преживееш значи да не се откажуваш и да ја ја надминеш препреката. За тоа е потребна сила, верба и внимателност. Сето ова го имаме кај себе или
кај нашите блиски. Сето ова
е нашиот живот.



Мислам дека моето семејство
се справи со ова најдобро што можеше и
дека го задржа расположението. Мојот
сопруг беше огромен оптимист, а јас го
променив својот поглед на животот, ја
променив целата перспектива. По третманот
можам да уживам со семејството, со при-
јателите и многу да го ценам својот живот.



Кога првпат ми кажаа дека имам лимфом бев шокиран, не бев свесен што е тоа, едноставно не знаев што ќе се случи и тоа ме плашеше.
Тоа што сум тука е доказ дека постои живот по лимфомот и дека постои надеж.



Со текот на третманите луѓето треба да бидат свесни дека ќе ја надминат болеста. Тоа второто нешто што треба да го слушнете откако ќе ви кажат дека имате лимфом. Дека се лекува, дека има голема стапка на успешност во лекувањето, дека лековите се фантастични,
и немојте да се плашите.
Бидете позитивни и силни.



Голем број луѓе, се уште не знаат дека денес можеме да ги излечиме повеќето од пациентите кои имаат лимфом и затоа се уште постои негативен став кон третманот против лимфом. Многу е важно да се подигне свеста на населението за оваа малигна болест, затоа што лимфомот е потенцијално излечлив.



Секој може да заболи од лимфом. Во светот годишно се дијагностицира кај 360 000 нови случаи, односно на секои девет минути. Ако некому му биде дијагностициран, мислам дека заболениот, најдобрата вест е дека лимфомот се лекува во 70% од случаите.